**Известување за концентрација со која Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги, Истанбул, Турција и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А., Мајорка, Шпанија ќе стекнат заеднички контрола над Ер Еуропа Холдинг С.Л., Мајорка, Шпанија**

**(предмет бр. 08-58/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги (Türk Hava Yolları Anonim Ortaklığı (Turkish Airlines) Зграда на општа администрација, нас. Јешилкој, ул. Хаваалани бр. 3/1 34149 Бакирќој, Истанбул, Турција, и Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А. (Глобалија Corporación Empresarial, S.A) Царретера Аренал-Ллуцмајор км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера07620 Мајорка, Шпанија ќе стекнат заеднички контрола над Ер Еуропа Холдинг С.Л. (*Air Europa Holding S.L.*) Царретера Аренал-Ллуцмајор км. 21,5, Полигоно Сон Ногуера 07620 Мајорка, Шпанија, и индиректно, во неговите зависни друштва во целосна сопственост Ер Еуропа Линеас Аереас С.А., Ер Еуропа Сума Мајлс С.Л.У., Аеронова С.Л.У., Леон Активос Аеронаутикос С.Л.У., и Глобалија Активос Инмобилијариос С.А.У.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги** е матичното друштво на Групацијата Туркиш Ерлајнс. Тоа е јавно котирано акционерско друштво основано во Турција и служи како национален превозник. Основано во 1933 година, Друштвото прерасна во една од водечките светски авиокомпании, обезбедувајќи редовен патнички превоз до повеќе од 130 земји од својот центар во Истанбул - еден од главните светски авијациски центри. Со возен парк од повеќе од 500 авиони со тесен и широк труп, Групација Туркиш Ерлајнс нуди услуги за превоз на патници и товар до над 350 дестинации низ целиот свет и спроведува глобални воздушни карго операции под брендот Туркиш Карго (*Turkish Cargo*) низ широка логистичка мрежа.

Преку своите зависни друштва, Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги работи како целосно интегрирана авијациска групација која опфаќа превоз на патници, товарна логистика, технички услуги, копнени услуги, угостителство, технологија и системи за плаќање.

Групацијата Туркиш Ерлајнс има едно претставништво со назив ТУРКИШ ЕРЛАЈНС Истанбул Р. Турција – ПРЕТСТАВНИШСТВО Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Климент Охридски бр. 23, Скопје.

Турк Хава Јолари Аноним Ортаклиги е исто така член на Стар Алајанс (*Star Alliance*).

Во Северна Македонија, Групацијата Туркиш Ерлајнс врши активности за воздушен превоз на патници и товар, со редовни и чартер летови до и од Меѓународниот аеродром во Скопско и Аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид од и до Турција и, само индиректно, до другите меѓународни дестинации.

**Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А.** е шпанска туристичка групација која првенствено е активна во услуги за воздушен превоз на патници и товар, поврзани помошни

активности, копнени услуги, одржување, поправка и ремонт и услуги за управување со хотели.

Глобалија Корпорасион Емпресаријал С.А. нема зависни друштва, филијали или претставништва основани во Северна Македонија и не создава промет во Северна Македонија.

**Ер Еуропа Холдинг С.Л.**, е шпанска авијациска групација која првенствено управува со меѓународни и домашни редовни воздушни услуги за превоз на патници и товар. Целното друштво, исто така, обезбедува и сродни помошни и секундарни услуги, како што се управување со чартер летови, изнајмување авиони со екипаж, одржување и осигурување (анг. *wet leasing*) и одржување на линии.

Ер Еуропа Холдинг С.Л., не е присутна во Северна Македонија и не создава промет во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.03.2026 година

Скопје